АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17.10.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4939 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетдневниот период од 2 до 11 октомври опфатени се исто толку изданија на вестите емитувани во 18 часот и 45 минути. Вкупното времетраење на прилозите коишто се предмет на анализа е 1

час 58 минути и 24 секунди, со што не е постигнат минималниот квантум од 2 часа новинарски прилози методолошки неопходни за анализа.

***Посебни информативни емисии***

Во извештајниот десетдневен период (од 2 до 11 октомври), во којшто поради технички проблеми, недостасуваат снимки од повеќе програмски појаси[1], во делот од снимките со коишто располагаме се регистрирани две информативни емисии, едната насловена „Уметност на финансиите", колажна емисија посветена на економски теми, а другата е со наслов „Интервјуа".

Емисијата „Уметност на финансиите" е емитувана на 5 октомври, а централен дел во неа зазема интервјуто со вицепремиерот за европски прашања, Арбер Адеми, посветено на ИПА фондовите и можноста за укинување на дел од таа помош за некои од балканските земји. Емисијата е репризирана наредниот ден, на 6 октомври.

Во рамки на емисијата „Интервјуа" од 10 октомври, е емитувано интервју со градоначалникот на Дебар, Ружди Љата, во врска со одредени прашања од областа на образованието, културата, општествениот живот на Албанците поврзани со регионот на Дебар.

***Сектор за програмски работи***

1

На 07.10.2016 од 14.00 до 24.00 часот
На 08.10.2016 од 00.00 до 24.00 часот
На 09.10.2016 од 00.00 до 10.00 часот
На 11.10.2016 од 06.40 до 24.00 часот